**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10 и 123/12), член 26 став 3 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, и 135/11) и точка 14 од Одлуката за начинот на вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/11), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# У П А Т С Т В О
## за изменување и дополнување на Упатството за начинот на вршење на платниот промет со странство

1. Во Упатството за начинот на вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/11, 156/11, 58/12 и 173/12), во точка 41 став 1 алинеја 2, на крајот на реченицата по зборовите: „тековната состојба", точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: „и доказ од надлежен орган дека се намирени законски пропишаните обврски врз основа на даноци и придонеси кон државата за соодветната капитална трансакција;"

Во алинејата 10 зборовите: „соодветен документ заверен на нотар, иселеничка или работна виза" се заменуваат со зборовите: „за плаќање врз основа на семејни заеми, подароци и мираз - договор заверен на нотар; за плаќање врз основа на наследство - судска или извршна исправа; за плаќање врз основа на завештанија - завештаен тестамент заверен од надлежен суд и правила (статут) за користење на завештанието; за плаќање врз основа на намирување долгови на доселеник кон матичната земја - документ за ненамирен долг издаден од матичната земја; за плаќање врз основа на пренос на средства на иселеник во странство - иселеничка виза; за плаќање врз основа на добивки од игри на среќа (во корист на лица кои не се резиденти) - лиценца за приредување игри на среќа во казино, издадена од Владата на Република Македонија и дневна пресметка во која се прикажани сите обврски за плаќање кон учесниците во игрите и состојбата на приходите од игрите на среќа, потврдена од одговорното лице на друштвото."

Во алинеја 12, на крајот на реченицата по зборовите: „извршната исправа" се додава нова реченица којашто гласи: „Кај плаќањата за капитални трансакции врз основа на извршна исправа и присилно плаќање врз основа на извршна исправа се доставува и доказ дека трансакцијата е пријавена, односно регистрирана, како и доказ од надлежен орган дека се намирени законски пропишаните обврски врз основа на даноци и придонеси кон државата, ако за основната работа за која настанала обврската за плаќање е предвидено приложување на такви докази."

Ставот 2 се брише.

2. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

У. бр. 1181/3
22 март 2013 година
Скопје

Гувернер,
Димитар Богов